ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА,ДИЈАБЕТЕС И МЕТАБОЛИЧКИ НАРУШУВАЊА
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2018 06 05/1

**Скопје, февруари 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 20 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 21 |
| Биланс на состојба | 22 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24 - 26 |
| - Сметководствени политики | 26 - 29 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 29 - 32 |

Кратенки користени во извештајот:

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа
**Универзитетска клиника** – ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија
**ЗЈН** – Закон за јавни набавки
**ЗЈВФК** – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
**ЈУ од областа на здравството** – Јавна установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:

Дата:

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје (во понатамошниот текст – Универзитетска клиника) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Универзитетската клиника за 2009 година и не е изразено мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи, во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразено е негативно мислење.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е :

- актите за организација и систематизација на работните места на клиниката не се усогласени согласно законската регулатива;
- за функцијата организациски директор распишан е јавен конкурс за именување но не и за медицински директор;

- не се воспоставени контроли за правилно и континуирано користење на електронскиот систем за евиденција на работното време и негова примена при пресметка за исплата на плата за секој вработен;
- пописот и евидентирањето на материјалните средства, ситниот инвентар и залихите (лекови, медицински потрошен материјал во магацинот за лекови, на реагенси и потрошен материјал во лабораторијата и по организациони единици) на Универзитетската клиника не е целосно и правилно извршен, и не преставува основа за усогласување на фактичката со сметководствената состојба и за реално и објективно искажување на билансните позиции во Биланс на состојба на ден 31 декември, согласно барањата наведени во законската и подзаконската регулатива;
- не е извршен попис на обврските евидентирани во Биланс на состојба на ден 31 декември согласно барањата наведени во законската и под законската регулатива;
- користени се услуги од ЈУ од областа на здравството[1] за кои е потребно преиспитување на меѓусебните права и односи во делот на цените.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

На ден 05.02.2019 година до Државниот завод за ревизија доставено е известување од одговорните лица (директори) на Универзитетската клиника заведено под број 17 – 179/1, кое се однесува на преземените мерки по дадените препораки содржани во писмото до раководството. Постапувајќи согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија не е пропишано право на давање одговор на писмото до раководството поради што овластениот државен ревизор нема да пристапи кон давање одговор на истото.

[1] ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника на сметката за средства од Фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за 2009 година, при што не е изразено мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Универзитетска клиника застапуван од:

- Д-р Славица Шубеска Стратрова, вршител на должноста директор, во периодот од 07.12.2010 до 08.08.2017 година,
- Гоце Велјаноски, организациски директор од 07.10.2017 година,
- Д-р Саша Јовановска Мишевска од 08.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.06.2018 до 31.08.2018 година (со одредени прекини) кај Универзитетската клиника од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 18 септември 2018 година.
На ден 05.02.2019 година до Државниот завод за ревизија доставено е известување од одговорните лица (директори) на Универзитетската клиника заведено под број 17 – 179/1, кое се однесува на преземените мерки по дадените препораки содржани во писмото до раководството. Постапувајќи согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија не е пропишано право на давање одговор на писмото до раководството поради што овластениот државен ревизор нема да пристапи кон давање одговор на истото.

Констатирани се следните состојби:

**3.1. Усогласеност со закони и прописи**

3.1.1. Во текот на 2017 година со Универзитетската клиниката раководат вршител на должност медицински директор и именуван организациски директор. Имено во 2010 година Министерот за здравство именувал вршител на должност медицински директор, а во 2015 година вршител на должност организациски директор. Во 2016 година распишан е јавен конкурс за именување само на организациски директор но не и за медицински директор и покрај тоа што согласно решението од министерот мандатот на вршител на должноста медицински директор бил истечен. По конкурсот именуван е организациски директор на Универзитетската клиника. Управниот одбор нема преземено активности за распишување на јавен конкурс за избор на медицински директор, што не е во согласност со членовите 107 и 108 од Законот за здравствена заштита и повторно во август 2017 година именува за вршител на должност медицинскиот директор за период не подолг од 6 месеци.

Ревизијата утврди дека медицинскиот и организацискиот директор на здравствената установа немаат склучено менаџерски договори со Министерството

за здравство. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на членот 104 од Законот за здравствена заштита каде е регулирана обврската на работодавачот да склучи менаџерски договор со јасно дефинирани показатели на успешност кои вршителот на должност треба да ги оствари.

**Препорака**
Управниот одбор да пристапи кон распишување на јавен конкурс за избор на медицински директор.
Министерот за здравство во согласност со Законот за здравствена заштита, да пристапи кон склучување на менаџерски договори со именуваните лица.

3.1.2. Со ревизија на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметка и исплата на плати, ги констатиравме следниве состојби:

- Согласно член 22 од Законот за именување и дополнување на Законот за здравствена заштита, здравствените установи имаат обврска да извршат усогласување на статутот и внатрешните акти за организација и систематизација на работните места со одредбите на законот најдоцна до 01.09.2014 година. Во рамките на Универзитетската клиника во примена е акт за систематизација на работни места усвоен во 2011 година со поголем број измени и дополнувања усвоени со одлуки од страна на УО на Универзитетската клиника кои не се верификувани од страна на Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и информатика. За надминување на утврдената состојба од страна на раководните лица на Универзитетската клиника до МИАО доставена е Предлог систематизација[2] и Правилник за внатрешна организација на Универзитетската клиника за понатамошно постапување. До денот на ревизијата од страна на Министерството не е добиена согласност на доставените акти. Во фазата на известување од страна на раководните лица на ревизијата и беше доставена ургенција до Министерството за одобрување на поднесената систематизација.

Со ревизија на персоналните досиеја на вработените констатирани се следните состојби:

- за две лица распоредени да вршат работни задачи на работни места (Самостоен референт одговорен за салдо конти, и Самостоен референт Благајник – Фактурист) во администрацијата ревизијата констатира дека исплатен им е надоместок за раководење во поголем износ од оној кој согласно Колективниот договор е утврден за наведените работни места и покрај фактот што не ги исполнувале критериумите дефинирани во актите;

[2] Предлог систематизација на ЈЗУ УК за ендокринологија дијабетес, и болести на метаболизмот бр. 0302-910 од 15.09.2017, и Правилник за внатрешна организација на ЈЗУ УК бр. 0302-290 од 03.02.2017 година.

- Договорите за вработување на вработените се општи, без опис на работните задачи пропишани со Актот за систематизација на работните места во УК, што не е во согласност со член 28 став 1 алинеја 3 од Законот за работни односи;

Наведените состојби укажуваат на фактот дека Универзитетската клиника функционира со сеуште неусогласени акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, со примена на несоодветно утврдени коефициенти за раководење, некомплетни договори за вработување, што предизвикува отсуство на целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот, и исплата на плати во повисок износ а со тоа и зголемување на расходите на Универзитетската клиника по овој основ.

**Препорака**

Надлежните органи на Универзитетската клиника да ги интензивираат комуникациите со МИАО во делот на нивно постапување по доставените интерни акти на клиниката, и пристапат кон усогласување на коефициентите за исплата на плата согласно Колективниот договор.

3.1.3. Универзитетската клиника согласно насоките од Министерството за здравство има донесено Одлука на УО бр. 0202-84 од 04.02.2015 година со која го овластува Министерството за здравство да изврши јавна набавка на национален систем за централна евиденција на работно време во име на клиниката и истата е извршена. Имено согласно измените и дополнувањето во Законот за здравствена заштита (член 92-д) Министерството за здравство спровело постапка за јавна набавка за воспоставување на Централен систем на електронска евиденција на работното време на вработените во сите Јавни здравствени установи преку набавка на регистрациски терминали со користење биометриски податоци (отпечатоци на прст). На клиниката се поставени два регистрациони терминали, но истите не се ставени во функција со што и централната евиденција на работното време по биометриски околности не функционира, а терминалите се модифицирани на постојниот систем на електронска евиденција од клиниката. Меѓутоа со увид во приложените месечни електронски листи за редовност утврдивме дека дел од вработените не го користат системот во целост за редовно и правилно евидентирање на нивното доаѓање и заминување од работа, што не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи и создава ризик во делот на пресметка и исплатата на платите на вработените. Имено Универзитетската клиника и покрај тоа што во делот на евиденција на работното време има донесено повеќе процедури[3] во пракса не може да се потврди нивната целосна примена.

[3] Повеќе процедури: Основна Процедура за водење на евиденција на работното време бр.0302-78, Основна процедура за водење на електронска евиденција на работното време, Основна процедура за месечен извештај за вработени и плати бр.0302-100 бр.0302-79, од 27.04.2016.

Не е донесена процедура за пресметка и исплата на плата, со дефинирани надлежности и одговорности на лицата инволвирани во процесот. Воспоставените контролни активности во процесот се без доказ за извршена контрола на изготвената документација (авторизација на рекапитуларите, и пресметките за плата) од страна на одговорните лица за контрола. Наведеното не е во согласност со член 7, член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола што укажува на можност од постоење на ризици во делот на потврдување на внесените податоци за пресметка на платата.

**Препорака**
Работоводниот орган на Клиниката да преземе активности за:
- воспоставување контролни активности и правилно и континуирано користење на електронскиот систем за евиденција на работното време и негова примена при пресметка за исплата на плата за секој вработен;
- донесување и усвојување на процедури за пресметка и исплата на плата со јасно и целосно утврдување на надлежностите на сите инволвирани лица во процесот, и нивна доследно примена во пракса.

3.1.4. Снабдувањето со лекови за потребите на Универзитетската клиника во поголем дел се врши со нарачки по спроведени набавки преку ЈУ од областа на здравството. Согласно одредбите на член 91 од Законот за здравствена заштита Универзитетската клиника во рамките на организационата поставеност има обврска да организира внатрешна организациона единица - Болничка аптека која ќе врши набавки, чување и издавање на лекови (фармацевтска дејност) за потребите на клиниката. Меѓутоа за вршење на фармацевтска дејност клиниката во целост ги нема исполнето условите во однос на простор, опрема и кадар, предвидени со Законот за лекови.

Ваквата состојба придонесува клиниката да врши набавки на лекови и медицински материјали од Јавната установа по цени поголеми од референтните утврдени со одлука на Фондот поради вкалкулирана маржа од 4%.

**Препорака**
Раководното лице на клиниката во соработка со надлежните органи да презема активности за создавање на неопходните услови за формирање на болничка аптека и пополнување на работно место дипломиран фармацевт за потребите на Болничката аптека во рамките на Универзитетската клиника.

3.1.5. Со увид во сметководствената документација ревизијата утврди дека фактурите и дел од приложената поткрепувачка документација се без доказ за извршена контрола/извршен прием од страна на одговорни лица. Универзитетската клиника има донесено процедури[4] за примени фактури,

[4] Основна Процедура за примени и излезни фактури и извештаи бр.0302-93 од 27.04.2016 година, Основна процедура за прием, издавање, потрошувачка и евидентирање на залиха на стоки, ситен инвентар и основни средства бр.97 од 27.04.2016 година.

водење на евиденција за прием, складирање и издавање на медицински и немедицински материјали со предвидени контроли, но во пракса не може да се потврди нивната целосна примена поради отсуството на докази за извршената контрола. На ваквата состојба се надоврзува и тоа што во клиниката не е пополнето работното место самостоен референт ликвидатор кој ќе ја потврдува исправноста на влезните фактури. Ваквата состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Утврдената состојба предизвикува преземање на обврски и плаќања на средства без претходно спроведена контрола на документацијата.

**Препорака**
Одговорните лица преземањето на обврските и исплатите на фактурите да го вршат врз основа на претходно спроведена контрола.

3.1.6. Со правилникот за внатрешна организација и систематизација на УК бр.0201-709 од 28.12.2011 година во рамките на не медицинските организациони единици систематизирана е Единица за внатрешна ревизија со еден Внатрешен ревизор, но работното место не е пополнето односно не е реализирано вработување на внатрешен ревизор. Во ново изготвениот Предлог[5] систематизација на Универзитетската клиника доставена до МИОА не е систематизирана внатрешната ревизија како составен дел на не медицинските организациони единици. Наведената состојба не е во согласност со членот 31 од ЗЈФК каде е уредена обврската на раководителот на институцијата од јавниот сектор од формирање на внатрешна ревизија согласно утврдени критериуми. Поради не воспоставената внатрешна ревизија одговорните лица на Универзитетската клиника немаат целосна информација за постоењето и функционирањето на внатрешните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските активности при работењето и усогласеноста со законските и подзаконските акти.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат активности во актот за систематизација на работни места да предвидат Единица за внатрешна ревизија и во координација со другите надлежни органи да обезбеди нејзино екипирање.

## 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. За вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствена со фактичката состојба Управниот одбор на Универзитетската клиника за 2017 година има донесено Решение за

[5] Предлог систематизација за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот бр. 0302-910 од 15.09.2017 година.

формирање на централна пописна комисија и две поединечни пописни комисии. По извршениот увид во Извештајот од попис и пописниот материјал ревизијата ги утврди следните состојби:

- поединечните пописни комисии немаат изготвено план за вршење на попис, а со поединечните извештаите се предаваат пописните листи без утврдени состојби. Централната пописна комисија ги презентира состојбите по попис (фактичка состојба) и сметководство во збирен табеларен преглед за двете сметки, а пописните листи од физичкиот попис не се потпишани од членовите на пописната комисија и одговорното лице. Наведените состојби не се во согласност Упатството за подготовки и извршување на пописот[6];
- пописот на опремата е спроведен според локација/одделенија истите не се обележани со инвентарни броеви. Пописните листи содржат само назив на средствата и количина без податоци за вредност како основа за усогласување со сметководствената евиденција која е искажана во износ од 1.791 илјада денари. Опремата и ситниот инвентар се внесени на заеднички пописни листи без разграничување по сметки;
- извршен е попис на залихите на лекови и медицински потрошен материјал во магацин за лекови и по организациони единици, при што е констатирано дека пописните листи содржат назив и количини кои не се идентични со податоците на лагер листите, а исто така постои нивна неусогласеност и во вкупниот број на позиции. Комисијата за попис на пописните листи нема внесено цени по поединечните позиции/сметководствени податоци поради што не е извршено усогласување на сметководствената состојба со пописот (фактичката состојба) , а по организациони единици (ендокринолошка амбуланта, хоспитален дел и центар за дијабетес) не е можно да се врши усогласување на состојбите поради нецелосност на внесените податоци за прием и издавање во материјална евиденција и невоспоставена финансиска евиденција за истите. Поради наведеното во извештај од Централната пописна комисија се искажани податоци од попис кои се преземени од сметководствената евиденција. На наведеното се надоврзува и тоа што не беше обезбедена материјалната базата на податоци за залихите поради што ревизијата не се увери дека искажаните податоци во финансиските извештаи во износ од 625 илјади денари ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок.
- извршен е попис на залиха на реагенси по организациони единици – одделенија, при што е констатирано дека пописот на истите е по назив и количини, без утврдени цени и нивно усогласување со податоците во сметководствената евиденција. При анализа на доставената лагер листа констатиравме количинско отстапување кај дел од залихите со утврдените состојби од извршениот попис, поради што не се доби уверување во реалноста на искажаната залиха во износ од 455 илјади денари;

[6] Упатство за подготовки и извршување на пописот со состојба на 31.12.2017 година бр.0202-1077 од 21.12.2017 година.

- пописот на ситен инвентар во употреба не е сеопфатно извршен, односно пописните листи не ги содржат сите позиции споредбено со податоците од материјалната евиденција/лагер листа, а дел од ситниот инвентар е попишан на пописните листи за основни средства без да се изврши нивно разграничување. Пописните листи не содржат вредносни показатели поради што не е извршено усогласување на состојбата по попис и сметководствената состојба, додека пак во збирниот рекапитулар/извештај од Централната пописна комисија извршено е прифаќање на податоците од сметководствената евиденција;
- не е формирана пописна комисија и не е извршен попис на обврски со состојба на 31.12., односно пописната комисија нема извршено соодветно потврдување и споредување на состојбите помеѓу фактурите и старосната структура на истите.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29, член 31, член 31-а член 31-в и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Нецелосно и неправилно извршениот попис не овозможува да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што има влијание врз реално и објективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица назначени за вршење попис на средствата и обврските во Универзитетската клиника да преземат активности за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

3.2.2. Со извршената ревизија на приемот, евидентирањето и управувањето со залихата на реагенси и потрошен материјал во лабораторијата, како и функционирањето на воспоставените контроли констатирани се одредени состојби и тоа:

- донесена е Процедура за прием и складирање на реагенси и потрошен материјал во лабораторија во рамките на која се утврдува редоследот и содржината на постапките кои се спроведуваат при прием и складирање на реагенси и потрошен материјал во ендокринолошката лабораторија. Во рамките на процедурата не е опфатен процесот на издавање, потрошок и евидентирање на залихата на реагенси и потрошен материјал во лабораторијата, и во рамките на секоја организациона единица одделно;
- Со цел потврдување на реалниот потрошок на реагенси и потрошен материјал во ендокринолошката лабораторија ревизијата изврши увид во доставената евиденција од страна на одговорното лице на лабораторијата, при што утврдивме дека од негова страна не се преземени активности во насока на водење на ажурна и хронолошка евиденција на потрошкот. Со оглед на податокот што од страна на субјектот не беше доставена материјална евиденција на залихите ревизијата не доби уверување дека искажаните

податоци во финансиските извештаи ја отсликуваат реалната состојба на залихите како и нивниот потрошок во текот на годината, и дали е постапено согласно одредбите од член 92-г од Законот за здравствена заштита за воведување на Националниот систем за материјално–финансиско и сметководствено работење. И покрај доставеното писмено барање до МЗ за потребата од нејзино обезбедување и доставување на ревизијата по истото не беше постапено.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 6, 7, и 12 од Законот за сметководството за буџетот и буџетските корисници, и член 6 и член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника како и нивниот потрошок во текот на годината.

**Препорака**

Раководното лице на УК да преземе активности за ажурирање на постоечките процедури за процесот на управување со залихата на реагенси и потрошен материјал во лабораторијата и нивно континуирано преиспитување и усогласување согласно законската регулатива и прописи.

Да се преземат контролни активности во делот на водењето ажурна и хронолошка евиденција на приемот, и потрошокот на реагенси, лабораториски и потрошен материјал од страна на одговорното лице во лабатарoријата во насока на добивање реална состојба на залихите во текот на годината.

3.2.3. Универзитетската клиника во 2017 година врши набавки на канцелариски материјал, тонери, средства за хигиена, како и резервни делови и потрошен материјал (за апарат за анализи) без да воспостави сметководствена евиденција, ниту материјална евиденција за задолжување и раздолжување по извршен прием/издавање на истите. Поради наведеното оневозможено е соодветно следење и увид на реалните потреби и потрошок на немедицинските материјали и има влијание на реално и објективно искажување на залихите во Билансот на состојба. Ревизијата утврди дека во тековната 2017 година по наведените основи Универзитетската клиника извршила набавки во вкупна вредност од вредност од 923 илјади денари од добавувачи по спроведени постапки за јавна набавка.

Наведената состојба не е во согласност со член 6, член 7 и членот 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетски корисници и член 11 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетски корисници каде што се уредува начинот на водење на сметководство, што има влијание врз начинот на водење на евиденција на набавените материјали и користење на материјалите.

**Препорака**
Одговорното лице во Универзитетската клиника да воспостави материјална и сметководствена евиденција на залихите на канцелариски материјали, тонери, средства за хигиена и резервни делови.

3.2.4. Воспоставена е пракса на евидентирање на партиципацијата (учество на осигурените лица за извршените здравствени услуги за болничко лекување и пакети во специјалистичко консултативна здравствена заштита) како Побарување со поврзани и Обврска спрема поврзани субјекти, врз основа на збирен износ искажан во фактурите кои се доставуваат до ФЗОМ. Имено Универзитетската клиника продолжила со воспоставениот начин на евидентирање кога со Законот за здравствено осигурување имаше обврска партиципацијата да ја уплатува на сметката на ФЗОМ. Меѓутоа согласно измените во член 36 од Законот за здравствено осигурување[7] партиципацијата која се наплатува од страна на одговорните лица преку благајна/извод на сметката е приход на Универзитетската клиника на сметката за средства од сопствени приходи. Поради погрешно воспоставена евиденција на оваа сметка се врши затварање на сметката како да е целосно наплатена партиципацијата и на крајот на годината не се искажува износ на ненаплатена партиципација со што сметката наменета за побарувања е нереално искажана во Билансот на состојба.

**Препорака**
Раководното лице на Универзитетската клиника да преземе активности за утврдување и воспоставување на сметководствената евиденција на пресметана и наплатена партиципација од пациентите.

## 3.3. Користење на средствата согласно законски прописи

3.3.1. Универзитетската клиника за ендокринологија поради недостаток на помошен и немедицински кадар во текот на 2017 година ангажира 3 лица (од кои две во континуитет) преку ЈУ од областа на здравството со договор на дело за вршење на работни задачи предвидени со актот за систематизација. По овој основ за 2017 година исплатени се средства по фактури во износ од 294 илјади денари. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 252 од Законот за работни односи кој предвидува ангажирањето со договори на дело да се врши за работи надвор од дејноста на работодавачот или за извршување на определена работа (физичка и/или интелектуална). Ангажирањето на лица преку ЈУ од областа на здравството резултира и со дополнителни трошоци од 4% од утврдениот надоместок за извршената услуга.

[7] Закон за здравствено осигурување број 113/14

За надминување на недостатокот на потребниот ангажиран кадар клиниката во 2017 година нема поднесено барање до надлежното министерство за добивање на согласност за нивно вработување.

Универзитетската клиника во текот на 2018 година доставила допис до Министерството за здравство за одобрување на нови вработувања на 10 лица со прилог табели со пресметки за вкупниот трошок за плати и надоместоци[8] по кој не е добиен повратен одговор. Исто така, поради наведеното Универзитетската клиника согласно член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос се обратила[9] и до Министерството за финансии за добивање на согласност за ангажирање на 8 лица со договор на дело (медицински сестри, шалтерски работници и хигиеничари) за кои повратно е добиена согласност[10].

**Препорака**
Одговорните лица да преземат активности за интензивирање на активностите за добивање на согласност за вработување на потребниот кадар.

3.3.2. Универзитетската клиника за извршено градежни работи (тоалет) има извршено исплата на ЈУ од областа на здравството во износ од 1.264 илјади денари (со ДДВ и вклучена маржа за услугата од 4%) врз основа на фактура од Јавната установа од 26.09.2016 година. Имено врз основа барање на клиниката од страна на клиниката Јавната установа има спроведено постапка за групна набавка број 53/2014 и склучен договор бр.03-420/7 од 20.03.2015 година со времетраење од 1 (една) година, со можност за продолжување на рокот на траење на договорот (членот 4), што претставува несоодветна одредба и има влијание на фаворизирање на еден ист економски оператор во подолг временски период и избегнување на спроведување на нова постапка за јавна набавка. За извршените градежно занатски работи ЈУ од областа на здравството нема извршено навремено фактурирање до клиниката согласно фактурата од страна на економскиот оператор (23.09.2015 година), а Универзитетската клиника ја евидентира обврската без да се обезбеди соодветен доказ за причините временското отстапувањето помеѓу фактурите и за извршени контроли на позициите и цените наведени во фактурата, како и потврдување на реално извршените работи од страна на двајцата директори (фактурата од економскиот оператор е потпишана само медицинскиот директор но не и економскиот директор на клиниката).

Наведеното не е во согласност со член 7 и 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите на член 53 од Законот за ДДВ во кој е уреден начинот и роковите на издавање на фактури, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста на извршените работи и исплатата на обврската во 2017 година.

---

[8] Допис до Министерството за здравство бр.0302-2/1 од 12.02.2018 година;
[9] Барање бр.17-8271/2 од 05.06.2018 година;
[10] Согласност за ангажирање на лица со договор на дело бр.18-6743/2 од 29.06.2018 година;

**Препорака**

Одговорните лица на Универзитетската клиника да ги воспостават контроли со цел да се усогласат фактурите од Јавната установа до клиника и извршените градежно занатски работи од страна на економските оператори заради потврдување на реално извршените услуги и работи.

3.3.3. Со увид во начинот на планирање на годишните потреби од набавки и вршење на набавките во текот на годината од страна на Универзитетската клиника ревизијата го констатира следното:

- во рамките на годишниот план за јавни набавки вклучени се набавките кои Универзитетската клиника самостојно ги спроведува, без да бидат вклучени набавките (лекови и одредени медицински потрошни материјали) кои во текот на годината ги набавува од страна на ЈУ од областа на здравството, врз основа на склучен договор за групна набавка, а по претходно поднесено барање за вклучување во постапките за јавни набавки на ЈУ. Исто така, Универзитетската клиника и покрај тоа што самостојно спроведува постапки за набавка на немедицински материјали (канцелариски и средства за хигиена) и врши набавки преку избраните добавувачи истовремено се вклучува и во набавките од ЈУ од областа на здравството. Ваквите набавки вршени од ЈУ од областа на здравството резултираат со дополнителни трошоци за извршената услуга во висина од 4% од вредноста на набавките.

Наведените состојби не се во согласност со член 26 и член 27 од Законот за јавни набавки кој упатува на тоа дека договорниот орган го донесува планот за своите вкупни потреби за набавки во тековната година кои ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки, како и дека не смее да врши делење на договор за јавна набавка. Наведеното има влијание врз начинот на планирање на потребите, како и врз висината на дел од преземените обврски и исплата по овој основ.

**Препорака**

Одговорното лице во Универзитетската клиника да преземе активности за соодветно планирање на потребите и вклучување на вкупните потреби од набавки во годишниот план за јавни набавки.

3.3.4. Универзитетската клиника за набавка на материјали и резервни делови кои се користат за соодветни апарати на клиниката има спроведено постапки за доделување на договор за јавна набавка, меѓутоа со спроведените постапки не е можно постигнување на конкуренција согласно одредбите од член 2 од Законот за јавни набавки од причина што истите се користат за соодветни апарати кои се набавени од производителот/овластениот застапник. Имено со ревизијата на јавните набавки го констатиравме следното:

- Набавките на реагенси, лабораториски и потрошен материјал се вршат по договори за јавни набавки склучени по постапки кои самостојно ги извршува клиниката. Со увид во 3 спроведени постапки во 2017 година за

набавка на реагенси и друг потрошен материјал ревизијата констатира дека во постапките по кои се преземени обврски и извршена е исплата во вкупен износ од 8.767 илјада денари, доставена е само една понуда и склучени се договори со единствените понудувачи. Причината за поднесување на само една понуда е во фактот што во тендерската спецификација се посочени реагенси за конкретни апарати, а секој апарат може да користи реагенси од производителот/овластениот застапник. За изготвување на лабораториските анализи – тестови покрај реагенсите потребни се и реагенси за калибрација и контрола и потрошен материјал за што Клиниката има дополнителни расходи.

- Со увид во постапката за набавка на резервни делови за постоечки апарат BECKMAN GLUCOSE ANALYSER[11] по основ на која е се преземени обврски и извршена е исплата во вкупен износ од 589 илјади денари, утврдивме дека доставена е понуда само од еден понудувач со кој е склучен и договорот. Причината за поднесување на само една понуда е фактот што во тендерската спецификација се посочени резервни делови за конкретен постоечки апарат, кој може да користи делови од производителот/ застапник за истите.

Ваквиот начин на спроведување на набавки не овозможува соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договорите за јавна набавка и постигнување на конкуренција согласно пропишаните одредби во член 2 од Законот за јавни набавки.

**Препорака**
Надлежното министерство да преземе активности за преиспитување на законските одредби во делот на начин на спроведување на постапките за јавна набавка на реагенси, лабораториски и потрошен материјал и резервни делови за одреден тип на апарат за кој набавката исклучиво може да се изврши од страна на единствениот овластен застапник на истите.

3.3.5. Во делот на користењето на услуги од ЈУ од областа на здравството и регулирањето на меѓусебните права и односи ревизијата утврди одредени состојби и тоа:

- Во ценовникот на услуги определена е цена за услуги за перење и дистрибуција на болнички веш по килограм. По овој основ ЈУ од областа на здравството фактурира по цени за извршена услуга за која не е извршено мерење на тежината на доставениот веш, односно во доставената спецификација истата е пресметана по парче, додека потврда за мерење на тежината нема;
- за извршени занаетчиски услуги на клиниката, како и ПТТ сервис (услуги) ЈУ од областа на здравството врши фактурирање како месечен паушал врз основа на утврдена цена за $м^2$ површина / утврдена цена по телефонски приклучок а не врз основа на реално извршени работи и услуги;

[11] Постапка бр.3/2017 година

- за обезбедување и снабдување со храна на пациентите од страна на ЈУ од областа на здравството извршено е фактурирање за додатоци кон болнички оброк на кои на утврдената набавна цена (постигната по спроведена постапка за јавна набавка) вкалкулирани се и маржа во висина од 19% за готов артикл и маржа од 49% за оброк кој се приготвува. Ревизијата не можеше да се увери во основаноста на утврдените маржи во Ценовникот на услуги врз основа на кој се врши фактурирање до клиниката.

Утврдените цени на услугите и пресметаните маржи по кои се врши фактурирање од страна на ЈУ од областа на здравството, влијае на висината на преземените обврски на клиниката и исплата по овој основ.

**Препорака**
Раководното лице на Универзитетска клиника да иницира измена и дополнување на одредбите од договорот во делот на начинот на утврдување на цените на услугите и пресметаните маржи предвидени со Ценовникот на услуги од страна на ЈУ од областа на здравството.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.2. до 3.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- актот за организација и систематизација на клиниката не е усогласен согласно барањата на позитивната законска регулатива;
- функцијата директор ја извршува вршител на должност медицински директор и не е пристапено кон склучување на менаџерски договори;
- нецелосно и неправилно спроведен попис на материјалните средства, залихите и обврските;
- користењето на услуги од ЈУ од областа на здравството регулирањето за кои е потребно преиспитување на меѓусебните права и односи во делот на цените, и
- неправилности во делот на планирање и доделување на договорите за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. до 3.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетската клиника на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. до 3.3., погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи Универзитетската клиника, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1.1. Начинот на пресметување на платата на вработените во Универзитетската клиника е уреден со одредбите од член 219 од Законот за здравствена заштита во кој меѓу другото е уредено дека платата на вработените зависи и од резултатите од работењето на здравствениот работник. Резултатите од работењето на здравствениот работник ги оценува, утврдува и одговара за нивната точност и веродостојност раководителот на внатрешната организациона единица кој го води и организира процесот на работа и директорите на јавната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник. За имплементација на наведените одредби Универзитетската клиника на ден 31.07.2012 година донесува Одлука за воведување на системот на пресметка на плата базирана на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време.

Со извршената ревизија констатиравме дека Универзитетската клиника во известувачкиот период не го практикува наведениот начин на пресметка на бруто плата поради усно известување од надлежните органи за напуштање на наведениот начин на пресметка на бруто плата.

Ревизијата изврши комуникација со надлежното министерство при што бевме информирани дека наведениот начин на пресметка на бруто плата не функционира, но не ни беше доставен уреден и веродостоен доказ за напуштање на наведената законска обврска.

Надлежното министерство потребно е да пристапи кон преиспитување на наведеното законско решение и да предложи измени и дополнување на Законот за здравствена заштита.

5.2. Согласно одредбите на член 13 – а и 13 – б од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17) и одредбите на член 14 и 15 од Законите за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) утврдените се: категориите, нивоата, групите и подгрупите на работните места во јавниот сектор. Во делот 5 – а од Законот за здравствена заштита členовите 155 – а до 155 – е, се врши класификација на работните места и се утврдуваат

категориите и нивоата на работните места за давателите на јавни услуги и се утврдуваат подгрупите за помошно техничките лица. Со претходно наведените законски акти не е утврдена основната компонента за утврдување на платата на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и Јавните здравствени установи.
Ревизијата изврши споредување на наведените одредби со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија во Делот плата за извршена работа со што констатира дека не постои усогласеност помеѓу наведените одредби од Законот за здравствена заштита и наведениот колективен договор.
Имајќи во предвид дека не се преземени активности за:

- донесување и усогласување на интерните акти (Статут, Правилник за организација и Правилник за систематизација на работните места) кај дел од наведените субјекти;
- усогласување на Колективните договори на ниво на гранка, и
- донесување на колективни договори на ниво на работодавач,

а во насока на обезбедување на воедначен пристап при исплата на платите на вработените во Јавните здравствени установи овластениот државен ревизор со писмо број 14 – 392/1 од 22.03.2018 година се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација со барање за добивање на повратни информации за исплата на платите на сите категории вработени во ЈЗУ (административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица). И покрај тоа што е доставена ургенција по наведеното барање до денот на известување од оваа ревизија не е добиен одговор на истото.

5.3. На ден 17 април 2018 година склучен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија помеѓу министерот за здравство на РМ и претседателот на самостоен синдикат, за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија. Со наведениот анекс се пристапува кон измени и дополнувања меѓу кои и измени и дополнувања на членот 64 од Колективниот договор со кој меѓу другото се брише став 5 кој гласи: „Ако во ист ден се совпадне остварување на право на додаток на плата од став 1 на овој член, работникот има право на исплата на поповолното право зголемено за 8 %".

Бришењето на наведениот став создава услови вработениот во ЈЗУ да имаат право на зголемување на основната плата и тоа:

- прекувремена работа 29%;
- работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден) 50 %;
- работа во три смени 4%;
- работа во организирана единица за итна медицинска помош 8%;

За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на плата што му припаѓа кога тие денови не се работи и плата за поминати часови на работа зголемени за 42%.

Работникот има право на додаток за дежурство во хируршки гранки во износ од 125%, а во другите гранки 105% од сатнината за редовно работно време.

Надоместокот за приправност изнесува и тоа:

- без остварен повик и ангажирање 8% од дневнината од неговата плата, а за остварен повик и ангажирање 113% од неговата плата по час, за времето кога бил ангажиран.

За наведената состојба ревизија смета дека треба да се преиспита начин на уредување на поединечните проценти за одредени надоместоци / додатоци и укажува на фактот дека висината на платата потребно е да се уредува преку одредбите кои се однесуваат на основната компонента на платата на вработените а исклучителната компонента од плата која се однесува на претходно наведените одредби потребно е да ги следи процентите во јавниот сектор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 57.900 | 54.900 |
| **Вкупно приходи** | **57.900** | **54.900** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 31.885 | 32.586 |
| Стоки и услуги | 25.941 | 22.290 |
| **Вкупно тековни расходи** | **57.826** | **54.876** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 74 | 24 |
| **Вкупно капитални расходи** | **74** | **24** |
| **Вкупно расходи** | **57.900** | **54.900** |
| **Вишок на приходи над расходи** | - | - |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 9.362 | 14.548 |
| Залихи | 1.080 | 938 |
| **Вкупно тековни средства** | **10.442** | **15.486** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 3.843 | 3.900 |
| **Вкупно постојани средства** | **3.843** | **3.900** |
| **Вкупна актива** | **14.285** | **19.386** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6.789 | 11.752 |
| Краткорочни финансиски обврски | 59 | 73 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.514 | 2.723 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9.362** | **14.548** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4.923 | 4.838 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4.923** | **4.838** |
| **Вкупна пасива** | **14.285** | **19.386** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | 3.900 | 938 | 4.838 |
| **Зголемување по основ на:** | 1.282 | 15.587 | 16.869 |
| Набавки | 642 | 15.587 | 16.229 |
| Ревалоризација на капитални средства | 640 | - | 640 |
| **Намалување по основ на:** | 1.339 | 15.445 | 16.784 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 596 | - | 596 |
| Амортизација | 743 | - | 743 |
| Потрошок на залиха на материјали резервни делови и ситен инвентар | - | 15.445 | 15.445 |
| **Состојба 31.12.2017 година** | 3.843 | 1.080 | 4.923 |